Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-141/3
Дата: 09-03-2022

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-141/1 од 01.03.2022 година, поднесена од [redacted] од с.Волково, Скопје против Општина Ѓорче Петров – Одделение за инспекциски работи и овластениот градежен инспектор [redacted] за сторена директна дискриминација по ненаведена дискриминаторска основа, согласно член 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 08.03.2022 година го донесе следното :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за отфрлање на претставка заради ненадлежност**

О б р а з л о ж е н и е

На 01.03.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од с.Волково, Скопје против Општина Ѓорче Петров – Одделение за инспекциски работи и овластениот градежен инженер [redacted] за извршена директна дискриминација по ненаведена основа, во областа на домување и градежништво.

Во претставката подносителот наведува дека како незадоволна странка од решение на инспекторот, на 19.07.2021 поднел Приговор/Жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор против Известие бр.ИП1 31-50 од 05.07.2021. Тие на 26.10.2021 донеле Известување ИП2 10-269, во кое го известуваат дека на жалбата ѝ даваат третман на приговор против известувањето и затоа истото го испраќаат на одлучување на првостепениот орган, односно до овластениот градежен инспектор во Одделението за инспекциски работи при Општина Ѓорче Петров.

Во претставката подносителот наведува дека општинскиот градежен инспектор наместо да се произнесе по жалбата, на 13.09.2021 година донел Решение бр. ИП1 31-79 со кое наредил подносителот да ја отстрани дворната ограда без притоа да утврди непримена на одредбите содржани во Законот за градење и подзаконските акти од страна на неговиот сосед, што [redacted] го пријавил до Општина Ѓорче Петров – Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности на 08.06.2021.

Затоа тој смета дека со ваквото постапување, инспекторот извршил директен различен пристап во примената на законските одредби, што за него претставува директна дискриминација врз него и бара од Комисијата да го задолжи директниот извршител да ја отстрани неговата ограда, гогласно законските норми.

После разгледувањето на наводите од претставката Комисијата одлучи дека **постапувањето по овој проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

Во членот 21 од истиот Закон таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно кои Комисијата **нема надлежност и стручност** да ја оценува работата на овластениот градежен инспектор.
Согласно член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка (Сл.весник на РМ бр.124/15) јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, службеното лице на овој орган ќе го предупреди на тоа подносителот и ќе го упати до јавниот орган надлежен за прием. Во овој случај, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација повторно ве упатува да изјавите жалба на Известувањето до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Кире Василев

Скопје, 08.03.2022

**Правна поука:** Ова решение е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управниот спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:

[redacted]